Телефон: +38946511000
Телефакс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид
Република Македонија

Бр. ____________________

Охрид, _________20___ год.

Врз основа на член 52 и член 53 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/16) и член 79 и член 101 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, Универзитетот распишува

# К О Н К У Р С
## за избор на Ректор и Проректори на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид за мандатен период од 04.05.2017 година до 03.05.2021 година

1. **Ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, за мандатен период од 04.05.2017 година до 03.05.2021 година**

**<u>Критериуми за избор:</u>**

Покрај општите услови кои се предвидени во Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 167/15 и 27/16) и условите предвидени во член 53 од Законот за високото образование (бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/16), кандидатот за Ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, треба да ги исполнува следниве критериуми:

- да биде предложен од најмалку една единица во состав на Универзитетот информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид;
- да е истакнат истражувач од областа на своето научно дејствување;
- да има остварен студиски престој во својство на докторски кандидат или постдокторски истражувач на најмалку 2 (два) од првите 100 најдобро рангирани универзитети согласно со Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report и Times Higher Education Supplement-World University Ranking;
- да може активно да се служи со најмалку 2 (два) светски јазика од кои 1 (еден) да биде англискиот јазик;
- да има најмалку 5 (пет) години работно искуство во странство од областа на своето научно дејствување;
- да има остварено учество во подготовка, спроведување и управување на научно-истражувачки и стручно-апликативни проекти;
- да има способност за обезбедување на дополнители средства за финасирање на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност;
- да има солидни познавања за новите информатички технологии;
- да има нагласени комуникациски способности;
- да има нагласени способности и/или искуство во управување и менаџирање со високообразовни институции.

Кандидатите за Ректор доставуваат пријава, програмска платформа за работа и биографија, **најдоцна до 10.04.2017 година.**

2. **Проректори на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, за мандатен период од 04.05.2017 година до 03.05.2021 година и тоа:**

- **Проректор за настава,**
- **Проректор за наука,**
- **Проректор за меѓународна соработка и**
- **Проректор за финансии, инвестиции и развој**

**Критериуми за избор:**

Покрај општите услови кои се предвидени во Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 167/15 и 27/16) и условите предвидени во член 53 од Законот за високото образование (бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/16), кандидатот за Проректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, треба да ги исполнува следниве критериуми:

- да биде предложен од најмалку една единица во состав на Универзитетот информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид;
- да е истакнат истражувач од областа на своето научно дејствување;
- да има остварен студиски престој во својство на докторски кандидат или постдокторски истражувач на најмалку 2 (два) од првите 100 најдобро рангирани универзитети согласно со Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report и Times Higher Education Supplement-World University Ranking;
- да може активно да се служи со најмалку еден светски јазик, односно англиски јазик;
- да има остварено учество во подготовка, спроведување и управување на научно-истражувачки и стручно-апликативни проекти;
- да има способност за обезбедување на дополнители средства за финасирање на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност;
- да има нагласени способности и/или искуство во управување и менаџирање со високообразовни институции;
- да има нагласени комуникациски способности;
- да има солидни познавања од областа на информатичките технологии;
- да има нагласени способности за тимска работа.

Кандидатите за Проректор доставуваат пријава, докази за исполнување на утврдените критериуми и биографија, **најдоцна до 10.04.2017 година.**

**Напомена:** Кандидат за проректор не може истовремено да биде и кандидат за ректор.

Изборот ќе се изврши во роковите утврдени со Статутот на Универзитетот.
Потребните документи кандидатите ги доставуваат по пошта на адреса ул. Партизанска, бб, 6000, Охрид, електронска пошта contact@uist.edu.mk или директно во архивата на Универзитетот.

**Информации:**
Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид
Седиште: ул. Партизанска бб, Дом на АРМ, 6000 Охрид
Телефон за контакт: 046 511 000